# енформел
# во современото
# шпанско сликарство

музеј
на современата уметност
скопје

мај — јуни 1983

## ЕНФОРМЕЛ И СЛИКАРСТВО СО МАТЕРИЈА

Историјата на шпанското апстрактно сликарство, односно нејзините материјални, енформелистички и гестуални струења, на некој начин е „историја" на повоеното шпанско сликарство. Со тоа не мислам да кажам дека севкупното шпанско сликарство во последните четириесет години е обележано со координатите што поедноставно ќе ги наречеме експресионистичко-апстрактни, туку дека јадрото на нашето сликарство, беше всушност она што денес се излага во мошне целосен обем.

Траумата на шпанската граѓанска војна не се одрази само на секојдневието: и светот на уметносста доживеа страотен лом. По завршувањето на војната започна егзодусот на интелектуалците и уметниците. Всушност некои познати шпански уметници кои веќе од порано беа во странство, особено во Париз, бараа потпора што во предвоената Шпанија, којашто безмалку можеше да се спореди со некоја земја од третиот свет, не можеа да ја добијат.

Впрочем, тоа не беше ништо ново: уште кон крајот на минатиот век некои шпански уметници, како Пикасо, Казалс, Турино и тн., бараа засолниште во Париз, но по 1939 година бегството стана масовно. Во такви околности, без службени и приватни поттикнувања, и, што е уште полошо, без учители, не можеше да се напредува. Тоа беше тежок период, кога опстанокот беше поистоветен со потфатот, и кога немаше речиси никакви информации, бидејќи покрај сето тоа во Европа беснееше Втората светска војна.

Таа очајна ситуација почна да се менува кога отпочна „Школата во Ваљекас", предодницата на „Мадридската школа", и кога група на уметници предводена од Бенхамин Паленсија, без разлика на кусиот период на дејствување, направи значаен чекор во обновувањето на нашата насилно прекината ликовна традиција.

Кога се отворија „Малата академија на уметничката критика" и „Салонот на единаесетмината", критичарот Еухенио Дорс презеде задача разложно и одговорно да посочи на новите уметнички обиди. Еухенио Дорс не беше единствениот кој со критиката придонесе за оживувањето на уметноста во Шпанија; нешто подоцна, на тој план значајно се искажаа и Едуардо Уестердал на Канарските острови и Ангел Марса во Барцелона („Групата Канаријас" и „Октомврискиот салон").

Она што би можело да се нарече „модерно" на креативно ниво започнува во 1947 година во Зарагази со „Групата Портико" и во 1948 година во Барцелона со групата „Дау ал сет" што ја сочинуваат Тапиес, Тарац, Куишарт и Понс како и критичарите А. Пујг и Жоан Броса на кои, подоцна им се придружи Хуан Едуардо Сирлот, неизбежно име во проучувањето на шпанската апстрактна уметност. Значењето на групата „Дау ал Сет" е во тоа што нејзините членови започнаа со истражувањето на материјата кај нас и од таа фаза ја запазија определената подлога на ирационалното на што ќе се темели идната, енформелска фаза.

Денес, на почетокот на осумдесеттите години, гестуалното и апстрактното сликарство на материјата кај нас е во полн замав. Многу од неговите основоположници, без разлика на донекаде еволуираната концепција, останаа доследни на неговите постулати. Тие се Тапјес, Момпо, Виола и Манрике. Некои од нив пронајдоа други форми на изразување, како Хуана Франсес и Рафаел Каногар. Конечно, во поново време, после Хосе Л. Фахардо, се јавуваат бројни млади творци кои со сето срце настојуваат да го освојат своето место под сонце. На оваа изложба се застапени учители, уметници на средната генерација на оние најмладите. Така мораше да биде, бидејќи се работи за историски — секако, синтетички приказ на нашата експресионистичка апстракција како и апстракцијата со материјата. Мислам дека таа е значајна за да се разбере еден дел од нашата понова уметност.

Сеферино Морено

Изложбата е организирана во соработка со Амбасадата на Шпанија во Белград

**КАТАЛОГ:**

ДАНИЕЛ АРГИМОН

1. Слика, 1960
   комбинирана техника, 81 x 116

ХОСЕ КАБАЉЕРО

2. Црвениот, 1975
   комбинирана техника, 200 x 200
3. Пустиот простор, 1975
   комбинирана техника, 162 x 162

РАФАЕЛ КАНОГАР

4. Слика бр, 50, 1969
   комбинирана техника, 162 x 130
5. Слика бр. 30, 1959
   комбинирана техника, 162 x 130
6. Сан Кристобал, 1960
   комбинирана техника, 300 x 200

ФРАНСИСКО КРУС де КАСТРО

7. Рендгенска слика на пејзажот 2, 1963
   комбинирана техника, 92 x 73
8. Рендгенска слика на пејзажот 11, 1963
   комбинирана техника, 100 x 73
9. Рендгенска слика на пејзажот 15, 1964
   комбинирана техника 100 x 81

УИЛ ФАБЕР

10. Композиција I, 1981
    акрилик на платно, 130 x 97
11. Композиција II, 1981
    акрилик на платно, 130 x 97
12. Црвен стол, 1977
    акрилик на картон, 73 x 60

ХОСЕ ЛУИС ФАХАРДО

13. Триптих, 1974
    алуминиум, 185 x 255
14. За пејзажот без луѓе, 1975
    алуминиум, 4 модули по 84 x 84

ЛУИС ФЕЈТО

15. „138“, 1959
    комбинирана техника, 140 x 140
16. „253“, 1961
    комбинирана техника, 150 x 150

ХУАНА ФРАНСЕС

17. Без наслов, 1958/59
    комбинирана техника, 114 x 146
18. Бр. 16, 1959
    комбинирана техника, 162 x 130

МАНУЕЛ МАМПАСО

19. Зелено и црвено, 1975
    масло, 116 x 89
20. Кармин, 1976
    масло, 116 x 89

СЕСАР МАНРИКЕ

21. Неидентификувано животно, 1975
    комбинирана техника, 165 x 200
22. По пепелот, 1975
    165 x 200

МАНУЕЛ МИЉАРЕС

23. Голем диптих, 1970
    јута, 196 x 262
24. Црн предмет (триптих), 1968
    јута, 100 x 244

МАНУЕЛ МОМПО

25. Соседите разговараат на улица, 1978
    масло на платно, 105 x 130
26. Простор блиску до морето, 1979
    масло на платно, 130 x 97
27. Пазар, 1981
    масло на платно, 130 x 162

СЕФЕРИНО МОРЕНО

28. Фрагмент од стебло, 1967
    комбинирана техника, 145 x 228
30. Castilla бр. 11, 1965
    комбинирана техника, 100 x 120
31. Castilla бр. 12, 1965/67
    комбинирана техника, 100 x 120

МАНУЕЛ РАБА

32. Форма 1, 1975
    полиестер, 145 x 110 x 45
33. Форма 2, 1975
    полиестер, 145 x 110 x 45

АНТОНИО СУАРЕЗ

34. Слика, 1960
    масло на платно, 145 x 115
35. Слика, 1960
    масло на платно, 115 x 145
36. Слика, 1960
    масло на платно, 160 x 130

АНТОНИ ТАПЈЕС

37. Материја и скршена чаша, 1968
    комбинирана техника, 195 x 130

ЖОАН ЖОСЕП ТАРАЦ

39. Син пејзаж, 1971
    комбинирана техника, 162 x 130
40. Oamathion, 1960
    комбинирана техника, 99 x 130
41. Го мислам само она што го гледам, 1960/62
    комбинирана техника, 130 x 162

РОМАН ВАЉЕС

42. Жолт cros, 1961
    комбинирана техника, 114 x 162
43. Сино, 1961
    комбинирана техника, 130 x 162

ВИСЕНТЕ ВЕЛА

44. Органска преобразба, I, 1966
    мало на платно, 116 x 89
45. Органска преобразба II, 1966
    мало на платно, 116 x 89
46. Органска преобразба III, 1966
    масло на платно, 130 x 97

ЖОАН ВИЛАКАСАС

47. Планиметрија 35-А, 1961
    комбинирана техника, 120
48. Планиметрија 1958-X, 1958
    комбинирана техника, 130 x 160
49. Планиметрија 1958-Париз, 1958
    комбинирана техника, 130 x 160

МАНУЕЛ ВИОЛА

50. Прозорец во бескрај, 1970
    масло на платно, 200 x 120
51. Revolera, 1961

ИГНАСИО ИРАОЛА

52. Градежен отпад, 1981
    комбинирана техника, 115 x 146
53. Патот на Пол Кле, 1978
    комбинирана техника, 197 x 132
54. Дождовни денови, 1977
    комбинирана техика, 131 x 116

издавач: музеј на современата уметност, скопје
одговорен уредник: соња абаџиева димитрова
организација на изложбата: викторија васев димеска
транскрипција: слободан чашуле
печати: графички завод „гоце делчев“, скопје
тираж: 500